Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

# ЗАПИСНИК

од 14 –седница на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

Јули, 2021 година
Скопје


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

ЗАПИСНИК

од 14-та седница на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите одржана на 25.02.2020 година Седницата започна во 13:00 часот.

Со седницата претседаваше координаторката на Интер ресорска група, Јована Тренчевска .
На седницата присуствуваа: Даниела Јованова – член од МТСП, Славица Михајловска - член од МЗШВ, Драгана Кириќ – Трпоски – член од МВР,Киро Цветков-МП , Сузана Никодијевиќ Филиповска – ГС, Нермина Факовиќ-МЗ, Виолета Куниовска-МО, Анастасија Трајковска-МОН, Ирена Николов – член од ЗЕЛС, Драгана Дрндаревска- Коалиција Маргини, Марија Савовска-Платформа за родова рамноправност, Сузана Игњатовиќ- Алексова ИПА II , Весна Јованова ИПА II, Виолета Костовска –Педагошка служба, Хикмете Селмани- Педагошка служба и Мирјана Алексовска- МТСП .

*

* *

На почетокот на седницата се установи дека има кворум за работа и ИРГ може полноправно да работи. Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите го утврди следниов:

ДНЕВЕН РЕД

--Усвојување на записникот од 7-та, 8-та, 9-та, 10-та, 11-та, 12-та и 13-та седница

1. Информација за активностите околу измени и дополнувања на Законот за еднакви можности на жените и мажите


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

2. Информација за активностите околу ревизија на учебниците со цел отстранување на родовите стеротипи и дискриминација
3. Претставување на проектот за Родово одговорно буџетирање „ Унапредување на институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во Северна Македонија"
4. Претставување на проектот ИПА проектот„ Унапредување на условите за работа"
5. Разно

Записниците од од 7-та, 8-та, 9-та, 10-та, 11-та, 12-та и 13-та седници на ИРГ едногласно се усвоени.

По одделните точки од Дневниот ред, Интер ресорската група ги донесе следните заклучоци:

Точка 1

Во однос на првата точка Координаторката на ИРГ даде информација за започнатиот процес за измени и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите. МТСП формира работна група за измени и дополнување на ЗЕММЖ која ја сочинуваат членови од различни институции, ИРГ, невладини организации и меѓународни организации. Во изминатиот период со поддршка на ОБСЕ,од страна на експертите направени се анализи за функционирањето на механизмите за родова еднаквост на локално и национално ниво, при што се дадени и препораки.
Координаторката нагласи дека за сите активности кои ќе следат во однос на оваа активност членовите на ИРГ ќе бидат информирани.


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

**По оваа точка се заклучи** : анализите кои се направени во однос Законот за еднакви можности и Водичот за тоа каков концепт сакаме да се прикачат на веб страната на МТСП.

Точка 2

По однос на втората точка од Дневниот ред Координаторката на ИРГ извести претставниците од Педагошка служба ќе дадат информација околу активностите насочени кон отстранување на стереотипите и дискриминација во учебниците во основно и средно образование.

Претставничката на педагошка служба информираше дека од 700 учебници во основно и средно образование, ревидирани се 32 учебници за основно образование и 4 учебници од средно образование. Според член 14 од Законот за учебници од основно и средно образование рецензентска комисија нема забелешки на овие ревидирани учебници.

Во дискусијата за оваа точка се јавија:

Драгана Дрндаревска, Марија Савовска , Киро Цветков Јована Тренчевска. Дискусиите беа во насока дека на начинот на начинот и постапката на кој се ревидирани учебниците. Потоа се нагласи дека во Законот за основно образование експлицитно постојат членови со кои се забранува дискриминацијата, дека е потребно системско решение за концептот на наставните планови, секоја комисија која одобрува учебници задолжително да има експерт за недискриминација и родова еднаквост.

**Како заклучок на оваа точка произлезе** :ИРГ да констатира кои од заклучоците кои произлегоа од состанокот со претсавниците со МОН, педагошка служба и БРО кој се одржа во септември не се реализирани и повторнода писмено да се обрати до овие институции.

Точка 3

По однос на оваа точка Координаторката и даде збор на Габриела Маџоска – да даде информација за проектот за Родово одговорно буџетирање „ Унапредување на институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во Северна Македонија". Проектот е дизајниран да ги реши клучните институционални предизвици на родово одговорно буџетирање и спроведување на


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Националниот акционен план за родова еднаквост 2018-2020 година , којшто му дава приоритет на ГРБ како една од стратешките области.
Исто така во рамки на кој проект се воспоставува и Тренинг центарот за родово одговорно буџетирање .
Во исто време проектот ке го поддржи изготвувањето на новата Стратегија за родова рамноправност 2021-2028.

Точка 4

Во рамките на оваа точка беше презентиран ИПА проектот„ Унапредување на условите за работа" кој ќе се спроведува во период од 24 месеци од страна на конзоциумот: Archidata s.r.l., Federazione Trentina della Cooperazione и European Integration Management Ltd..Цел на проектот е да поттикне создавање работни места во формалната економија и намалување на непријавената работа и воедно да стимулира поголема економска активност на жените на пазарот на трудот.
Членовите донесоа заклучок да се формира работна група која ќе ја сочинуваат членови од : Сојуз на синдикати- Елизабета Гелевска, Организација на работодавачи на Македонија- Анета Петровска Русомароски , Даниела Димитриевска од МЖЛ, Платформа за родова еднаквост- Марија Башовска, Министерство за здравство – Нермина Факовиќ , Министерство за економија Фатмире Хоџа. **Се заклучи материјалите** од проектите да се доставаат по електронски пат.

Точка 5

По точката разно Виолета Куновска даде информација за состојбата со Националниот Акциски план за 1325. Министерството за одбрана, со одлука на Владата, е надлежна институција за координација на процесот на изработка на вториот НАП за имплементација на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН. Вториот НАП ќе се изработи за период од пет години (2020-2025), како жив документ со мерливи цели, индикатори и механизми за следење. Основа на документот ќе останат постулатите од Резолуцијата 1325 – превенција, учество, заштита, помош и


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

оправување во функција на обезбедување на значајно учество на жените во мировните процеси и осигурување на безбедноста на жените.

Изработката на документот ќе се изведе во 6 фази симболично наречени 6D's или во слободен превод 6С – Анекс 1, според кои вториот НАП треба да биде изготвен во рок од шест месеци, согласно времетраењето на нејзиниот мандат.

До крајот на првата недела од февруари, беа доставени Прашалници кои требаше да бидат пополнети од сите институции, меѓународни и невладини организации кои се дел од процесот и кои ќе бидат основа за понатамошната работа. Рокот за доставување на прашалниците беше последна недела на февруари

На оваа точка Марија Савовска зеде збор за подготовката на новата стратегија за родова еднаквост 2021-2028, при што напомена дека потребно е да експертите кои се ангажирани да направат евалуација на спроведувањето на стратегијата со цел да се види како е третирано родовото прашање и постигнатите резултати и нивното влијание. **Се заклучи** да се достави Драфт на документот- Стратегијата за родова еднавост со цел да се даде инмпут пред да се усвои од Собрание.

Изработил: м-р Габриела Маџоска



Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk